**20130320851**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 21 став (3) од Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 26.02.2013 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И РЕГИСТРАЦИЈА НА ЖИВОТНИТЕ И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ ОФИЦИЈАЛНИ КОНТРОЛИ

Член 1

Со оваа одлука се пропишува висината на надоместоците за спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните и висината на надоместокот за дополнителни официјални контроли.

Член 2

Под трошоци кои произлегуваат од системот за идентификација и регистрација на животните во смисла на оваа одлука се подразбираат:

1. Трошоци за активности спроведени од страна на ветеринарни друштва;
2. Максимални цени за средства за идентификација и
3. Трошоци за спроведување на обука за овластени одгледувачи.

Член 3

Висината на надоместоците со цени без вклучен ДДВ, за активности спроведени од страна на ветеринарни друштва е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на оваа одлука.

Член 4

Максималните цени, без вклучен ДДВ, за средства за идентификација се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на оваа одлука.

Член 5

Висината на надоместокот за спроведување на обука за овластени одгледувачи е дадена во Прилог 3 кој е составен дел на оваа одлука.

Член 6

Висината на надоместокот за дополнителни официјални контроли е дадена во Прилог 4 кој е составен дел на оваа одлука.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-1460/1
26 февруари 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

Прилог 1

Висината на надоместоците за активности спроведени од страна на ветеринарни друштва

1. Висината на надоместоците за идентификација и регистрација на животните кои се спроведени од страна на ветеринарни друштва се во согласност со Табела 1.

*Табела 1: Висина на надоместоците за идентификација и регистрација на животните кои се спроведени од страна на ветеринарни друштва*

| РБ | Активност | Вид животно | Напомена | Единечна цена без ДДВ | Патни трошоци |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Регистрација на одгледувалиште | сите | - | 116 | да |
| 2 | Затварање на одгледувалиште | сите | - | 27 | - |
| 3 | Идентификација и регистрација на животни | говедо | - | 95 | да |
| | | | нарачка и апликација на дупликат ушна маркица | 150 | да |
| | | овци/кози | - | 14 | да |
| | | | тетовирање | 84 | да |
| | | свињи | - | 25 | да |
| | | куче/мачка | - | 200 | да |
| 4 | Издавање идентификациска карта за одгледувалиште | сите | - | 40 | - |
| 5 | Издавање пасош за говеда | говедо | - | 50 | - |
| 6 | Издавање пасош за кучиња и мачки | куче/мачка | - | 100 | да |
| 7 | Издавање идентификациска плочка за пчеларник | пчели | - | 50 | не |
| 8 | Внесување на податоци за движење во централна база на податоци | говедо | по животно | 10 | - |
| | | овци/кози | по животно | 8 | - |
| | | | по документ | 8 | - |
| | | свињи | по животно при прво движење | 10 | - |
| | | | по документ | 10 | - |
| 9 | Внесување на податоци за попис во централна база на податоци | овци/кози | по животно | 10 | - |
| | | свињи | по документ | 60 | - |
| | | пчели | по документ | 60 | - |
| 10 | Нарачка и издавање на ушни маркици за овци/кози и свињи | овци/кози и свињи | по нарачка | 84 | - |

2. Трошоците наведени во табела 1 од овој прилог во целост се на терет на одгледувачот на животните.
3. Трошоците за спроведување на системот за идентификација и регистрација на свињи и пчели согласно член 42 од Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/12) во 2013 година се на товар на Програмата за здравствена заштита на животните.

Прилог 2

Максималните цени за средства за идентификација

1. Максималните цени за средства за идентификација се дадени во Табела 1.

*Табела 1: Максимални цени за средства за идентификација*

| РБ | Активност | Вид животно | Категорија | Напомена | Единечна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Максимални цени за средства за идентификација | говедо | сите | две ушни маркици со индивидуален број | 120,00 |
| | | | | дупликат една ушна маркица | 100,00 |
| | | овци/кози | сите | две ушни маркици со индивидуален број | 30,00 |
| | | | | една ушна маркица со индивидуален број за колење | 20,00 |
| | | | | една ушна маркица со број на одгледувалиште за колење | 20,00 |
| | | свињи | сите | една ушна маркица со индивидуален број или број на одгледувалиште | 20,00 |
| | | куче | - | микрочип согласно ИСО стандарди 11.784 и 11.785 | 500,00 |
| | | пчели | - | идентификациска плочка | 150,00 |

2. Трошоците наведени во табела 1 од овој прилог во целост се на терет на одгледувачот на животните.
3. Трошоците за средства за идентификација за свињи и пчели согласно член 42 од Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/12) во 2013 година се на товар на Програмата за здравствена заштита на животните.

Прилог 3

Висината на надоместокот за спроведување на обука за овластени одгледувачи

1. Висината на надоместокот за спроведување на обука за овластени одгледувачи изнесува:
   - 6.000 денари по спроведена обука согласно член 25 од Законот за идентификација и регистрација на животните (Службен весник на РМ бр. 95/2012).

Прилог 4

Висина на надоместокот за дополнителни официјални контроли

1. Висината на надоместокот за дополнителни официјални контроли за спроведување на Законот за идентификација и регистрација на животните изнесува:
   - За патни трошоци во висина од 20% од цената на горивото за секој изминат километар.
   - За трошоци за официјален ветеринар во висина од трошоците за пресметка на плата за официјалниот ветеринар за секој час работа.